| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Како го мериме времето |
| **Содржина на денот** | Моите играчки |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Весна Пецева |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Со детето се разговара за значењето на хигиената на играчките во домот и се организира игра за проверка на чистотата на играчките. Се одредува место ( корпа), каде се ставаат валканите играчки и заедно со детето се бришат, мијат или перат. |
| **Активности** | 1. Моите играчки – разговор за играчките и игрите на децата. Детето се поттикнува да ги разгледа играчките во своето опкружување, да ги именува и да ги одбере играчките со кои најмногу сака да игра. Потоа заедно со возрасниот организираат простор за играње, каде детето непречено може да ужива со своите играчки. Возрасниот може да се придружи во играта и да разговара со детето за неговата игра, внимавајќи да не ја наруши слободата и спонтаноста на детето. Со детето може да се организира игра – Продавница за играчки, и да се подредуваат играчките на нивното место во шкафчињата и на полиците. На крај детето се поттикнува со разговор да ги изрази своите желби за играчките кои ќе ги донесе Дедо Мраз. |